ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MASEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA

CROATIA, ZAGREB, MASARYKOVA 16/1,
☎+385 1 **48 72 655**, ☎/FAX +385 1 **48 72 655**
Žiro račun 2340009 - 1100038804

Урброј: ЗМ - 36/2003
Загреб, 05.06.2003.

# З А П И С Н И К

од **15-тата седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **04.06.2003.** г. со почеток во 11,20 часот во просториите на Заедницата во Загреб.

Присутни: Илија Христодулов, Благоја Јовановски, Славица Сагадин, Ксенија Јурановиќ, Тања Јовановска -новоизбрана претседателка на МКД Биљана од Задар, Никола Гроздановски - новоизбран в.д. секретар на Заедницата, Анка Рабузин, членови од друштвото од Сплит, член на друштвото од Задар и в. р. во Амбасадата на РМ во РХ -Владимир Крстевски.
Одсутен: Иван Качуров.

Седницата ја водеше претседателот на Заедницата и претседател на Управниот одбор -Илија Христодулов. На почетокот од состанокот тој ја поздрави г-ѓата Т. Јовановска и посака успешна соработка со неа. Таа ги озвести присутните за промените во вејзиното друштво и го предаде записникот од изборното собрание -прилог. Понатаму претседателот ги замоли членовите за дијалог и комуникација, да се придржуват према дневниот ред на седницата која треба да има работен карактер и нагласи дека легитимни членови на УО се претседателите на друштвата потврдено со решение од локалната управа и самоуправа.
По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број на членови за донесување на правно важечки одлуки, претседателот го прочита предложевиот дневен ред. По дадените предлози за дополнување на истиот, присутните се сложија да за тие теми се расправа под точка разно. Со јавно гласање членовите на УО **едногласно го прифатија предлогот на претседателот** и седницата продолжи со работа по следниов:

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Усвојување на записниците од 14-тата и вонредната седница.

2. Анализа на активностите од претходната седница до денес.

3. Реализација на култ. манифестација - Денови на македонската култура во Загреб.

4. Договор за активностите кои би се одржале до наредната седница на УО.

5. Разно.

**Ад. 1.** Претседателот на Заедницата изнесе дополнително појаснување во врска со вонредната седница на УО заради г-ѓата Т. Јовановска и после тоа членовите на УО со јавно гласање: **едногласно ги усвоија записниците од 14-тата и вонредната седница на УО.**

**Ад. 2.** По оваа точка на дн. ред, А. Рабузин информира дека во врска со продавањето на книгите, направен е допис до Министарството за култура за откуп на книги од Б. Јовановски на кој е даден одговор - прилог, за откуп на 50 примероци. Во врска со тоа со јавно гласање членовите на УО донесоа **едногласна одлука да се постапи према одговорот од Министерството.** Понатаму таа ги информира членовите дека е направен договор на кој се чека одговор од книжарата Доминовиќ д.о.о за дистрибуција на сите књиги издадени од страна на Заедницата од страна на таа книжара. Исто така дека е контактирано и со книжара Знање д.д. со која прашањето за продавање на книги е отворено. Во врска со оваа, членовите заседоа став да се причека со одговорот од книжара Доминовиќ д.о.о. Понатаму А. Рабузин информира дека од нејзина страна во изминатиот период се продадеди уште две книги и праша што во тој смисол направиле друштвата за што се констатира дека преку друштвата нема продадено книги и дека во тој смисол сите друштва треба да бидат поактивни. С. Сагадин извести дека поклонила неколку книги од доставените за што УО побара да таа достави список на преостанатите книги.
Во понатамошната дискусија претседателот ги извести присутните за активностите во врска со манифестацијата Денови на македн. култура во Загреб. Нагласи дека од Агенцијата за иселеништво на РМ беше понуден еден проект за што со Агенцијата контактираше И. Качуров, а исто така и тој. Претседателот исто така истакна дека со својот престој во РМ посетил повеќе иституции. Од сите контакти заради тешката материјална ситуација во РМ и заради тоа што од Уредот за нац. малц. во оваа година не е примено решение за потребните средства, се прифати предлогот на Агенцијата. Така со вчерашниот концерт на ансаблот Танец во салата Лисински се заврšија Деновите на макед. култ. во Загреб по програмата што ја прочита -прилог.
За оваа манифестација готово сите трошкови се реализирани од страна на Р. Македонија и Р. Хрватска. Претседателот понатаму истакна дека во исто време се одржани и Деновите на мак. култ. во Пула за што ја пофали претседателката на друштвото -Сагадин. Во врска со манифестација во Загреб своето незадоволство го изрази Б. Јовановски заради тоа што и тој не бил информиран и побара да тоа не се повторува бидејќи кога е некоја манифестација организирана од страна на Заедницата треба да се договориме. Тој понатаму ги наброја

сите активности и бројните настапи во изминатиот период на членовите на друштвото од Осиек.
Исто така С. Сагадин ги наброја сите активности на друштвото од Пула со посебен акцент на маниф. Денови на мак. култ. во Пула - прилог. Таа нагласи дека за сите манифестации треба повеќе време за припрема и повторно истакна дека таа и порано го извести овој УО за изложбата на минерали што ќе се реализира во Пула и уште тогаш побара и другите друштва истата изложа ја постават во своите градови и дека сеуште има време некои од друштвата да ја реализират таа изложба.
Понатаму, по оваа точка на дн. ред, членовите на УО по спроведената расправа, констатираа дека од Уредот не е примено решение за средствата во оваа година, а за сите овие пет изминати месеци се добиени вкупно 145.000 куни (по 29.000 куни аконтација за сите програми месечно). Од сите тие средства на друштвата за вкупно четири месеци направен е трансфер во износ од 74.000 кунии тоа: за друштвото од Загреб =17.500, Осиек =12.500, Пула =12.500, Риека = 12.500, Сплит = 11.500 и Задар = 7.500 куни.
Од вкупно 44.000 куни останати сега на рачунот УО **едногласно одлучи:**
**-за трансфер за мај/2003 = 26.000 куни, а останатите средства за Мак. глас, за печатење на Зборникот и за останатите реж. и др. трошкови.**
(Трансер на средствата за мај/2003: Загреб = 4.000, Осиек = 4.000, Пула =8.000, Риека =4.000, Сплит =3.000 и Задар =3.000 куни).

**Ад. 3.** По темата на оваа точка на дн. ред ,членовите на УО водеа расправа како следи под Ад. 2. и со јавно гласање донесоа **едногласна одлука да се плати рачунот во износ од 2.122,50 куни како единствен трошок од страна на Заедницата за маниф. Денови на мак. култ. во Загреб.**

**Ад. 4.** Членовите на УО го прифатија предлогот на претседателот да сите друштва достават до Заедницата финан. извештај за првите шест месеци од оваа година до **15.07. 2003. год.**
Претседателот понатаму ги запозна присутните со, како ја нарече несаканата состојба во друштвото од Загреб каде што е одржано вонредно собрание - прилог, на кое е разрешен И. Качуров од фунцијата претседател на друштвото. Во врска со тоа, нагласи тој, ставот на Заедницата е јасен -во таквата ситуација се чека решение од локалната управа и самоуправа по кое Заедницата постапува. Тој исто така нагласи дека по одлуката од Надзорниот одбор на Заедницата, и после одржаното собрание потребно е да се верифицират двајца потписници. По спроведената расправа со јавно гласање членовите на УО донесоа **едногласна одлука: за понатаму се одредуваат двајца потписници за финан. работење на Заедницата: Н. Гроздановски и И. Качуров.**

Понатаму по спроведената дискусија за одржување на маниф. 100 години од Илинден членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**
**-манифестацијата да биде на ниво на целата Заедница,**
**-во програмата да земат учество сите друштва и своите предлози за песни и рецитација ги достават до Заедницата до 01.07.2003. год.,**
**-за организатор на маниф. биде тимот од друштвото од Загреб,**
**-од страна на Заедницата за соработка со друштвата во организацијата на маниф. се задолжува А. Рабузин.**

**Ад. 5.** Со реализацијата на печатењето на Зборникот во припрема на Б. Павловски присутните ги запозна А. Рабузин за што е нагласено дека е направен договор со печатница и дека е еден дел од автор. хонорар на Б. Павловски исплатен преку патен налог. Членовите на УО донесоа **едногласна одлука да се реализира печатењето на Зборникот према договорот со печатницата и да се реализираат сите преостанати трошкови во врска со тоа со предвидените средства и накнадно да се одреди поделба на примероците и цена за продавање.**
Понатаму, на барање на Б. Јовановски членовите на УО **се сложија** да наесен се одржи претставување на неговата книга од страна на Заедницата.
Исто така членовите на УО **се сложија** да планираната манифестација за 10 -годишното излегување на списанието Македоски глас, секако биде одржана на ниво на Заедницата и во склопот на таа маниф. да биде печатен посебен број на списанието. Во врска со тоа Б. Јовановски ги замоли претседателите на друштвата да ги потсетат своите дописници да работат на припремата на своите прилози за тој број и најкасно до 28.08.2003. год. ги достават до редакцијата.
Членовите на УО **се сложија** и со предлогот, да од страна на Заедницата се упати барање до Уредот за достава на планираните средства за реализација на спомнатите две големи манифестации.
Во врска со изјавите на претседателите на друштвата од Осиек, Задар и Сплит за просториите и опремата на истите за работа, членовите на УО **се сложија** со предлогот, да од страна на Заедницата бидат испратени дописи до надлежните институции во тие градови.
Господинот В. Крстевски ги извести присутните дека веројатно за две недели ќе дојде нов амбасадор и дека тоа ќе биде г-динот Махи Несими кој по професија е новинар и ги замоли присутните на соработка и почитување спрема истиот.
Присутните членови од друштвото од Сплит ги изнесоа своите проблеми и со одржаната вонредна седница -прилог.
После сите дискусии во врска со проблемите во спомнатите друштва членовите на УО **се сложија** со горе спомнатото да се причека со добивањето на решенијата од локалната управа и самоуправа.
Седницата заврши во 15,00 часот.

Записничарка:
Анка Рабузин

Претседател:
Илија Христодулов

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ